GS1 Македонија



# Правила за доделување на GTIN

**Наслов на оригиналот:**

# GTIN Allocation Rules made even easier (Version 7.0.)

***Скопје, февруари 2012***

Copyright © *GS1*®

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:

Иако е вложен максимални напор да се обезбеди стандардите на GS1 системот содржани во овој документ да бидат исправни, GS1 и сите останати страни кои учествувале во изработката на овој документ изјавуваат дека документот не овозможува гаранции, ниту изрични ниту подразбирачки, за точноста и погодноста за примена и на овој начин ја отфрлаат својата одговорност, директна или индиректна, за штетата или загубата произлезена од примената на овој документ. Како последица на развојот на технологијата, промена на стандардите или нови законски барања, овој документ може да биде повремено менуван.

Информациите во ова упатство се во согласност со GS1 општите спецификации, верзија 7.0, јануари 2006 и подложни се на промени без посебно известување на корисниците.

Напомена: Сите слики во овој документ се само илустративни.

# Содржина:


## 1. Доделување на глобални броеви на трговските единици

1.1. Општо правило ..... 5
1.2. Одговорност ..... 5
1.3. Упатства за доделување на GTIN ..... 6
1.4. Временски период потребен за повторно доделување на GTIN ..... 7
1.5. Усогласување на основните податоци ..... 8

## 2. Промена на сопственикот на трговската марка

2.1. Присоединувања и спојувања ..... 9
2.2. Делумно купување ..... 9
2.3. Делење или издвојување ..... 9

## 3. Правила за доделување на GTIN - уште поедноставно

3.1. Пазарни варијанти ..... 10
3.2. Замена на стандардните трговски единици ..... 15
3.3. Паралелни трговски единици ..... 28
3.4. Други паралелни трговски единици ..... 44
3.5. Сезонска роба ..... 48

# 1. Правила за доделување на глобалните броеви на трговските единици (GTIN)

## 1.1. Општо правило

Глобалниот број на трговска единица (Global Trade Item Number - GTIN) се користи за идентификација на било која единица (трговска единица или услуга) за која постои потреба за користење на веќе дефинираните информации и на која може да ѝ се одреди цената или која може да се нарача или фактурира во било кој дел на било кој синџир на снабдување.

Посебен, единствен GTIN се бара кога било која, однапред дефинирана карактеристика на единицата се разликува во било кој поглед, а тоа да е битно за трговскиот процес. Водечки принцип за доделување на нов GTIN на новата трговска единица е дали се очекува потрошувачот да ја разликува новата од старата трговска единица.

За индустријата на производи за широка потрошувачка (*Fast Moving Consumer Goods - FMCG)* Одборот на глобалната трговска иницијатива (*Global Commerce Initiative Board)* утврди специфични правила кои покриваат и многу општи деловни случаи објаснети во секцијата 3. И покрај тоа што се сите *GS1* стандарди доброволни, намерата е овие правила да станат нормативна пракса во рамките на *FMCG* секторот.

## 1.2. Одговорност

### 1.2.1. Трговски единици со марка и оние без неа

За доделување на глобален број на трговска единица (GTIN) одговорен е сопственикот на заштитниот знак, организацијата која ги поседува спецификациите за трговската единица, без оглед каде е или кој ја произведува. Компанијата, со зачленувањето во организацијата членка на GS1, добива компаниски префикс кој само таа смее да го користи. Компанискиот префикс не сме да се продаде, изнајми или отстапи на користење ниту во целост, ниту делумно, на било која друга компанија.

Сопственик на заштитниот знак е организација која ги поседува спецификациите за трговската единица и може да биде:

- ✓ **Производител или испорачател**
  Компанија која ја произведува трговската единица или, ако е произведена во било која земја, ја продава под своја марка.

- ✓ **Увозник или трговец на големо**
  Увозникот или трговецот на големо ја поседува трговска единица, произведена во било која земја и ја продава под свое име или ја менува трговската единица (на пример, со менување на пакувањето на трговската единица).

- ✓ **Трговец на мало**
  Трговецот на мало ја поседува трговската единица, произведена во било која земја, и ја продава под своето име.

Постојат и некои исклучоци како што се:

- ✓ **Единици без марка**
  На единиците без марка и на генеричките единици без посебни етикети производителите исто така им доделуваат глобален број на трговска единица (GTIN). Како различните производители можат да произведуваат единици кои на потрошувачите им изгледаат идентично, можно е единиците кои се на прв поглед исти да имаат различен GTIN. Компаниите кои тргуваат со овие единици би требало да ги организираат своите компјутерски апликации (на пример, програмите за пополнување) за да го разрешат тоа доколку се појави таква можност. Примери за единици кои понекогаш немаат марка се јаболки, вар, свеќи, чаши итн.

- ✓ **Специфични производи за купувачот**
  Кога трговската единица се изработува специјално за еден купувач и ја нарачува само тој купувач, дозволено е купувачот да доделува GTIN број. Во тој случај, GTIN се формира од *GS1* компанискиот префикс на купувачот.

- ✓ **Останати исклучоци**
  Доколку сопственикот на заштитниот знак не додели GTIN, увозникот или друг посредник може да ѝ додели на единицата привремен GTIN кој е во употреба додека не се додели GTIN на вообичаен начин. Алтернативно, трговецот на мало може на единицата на која сѐ уште не ѝ е доделен GTIN *да* ѝ додели интерен број за користење само во рамките на неговите продавници.

## 1.3. Упатства за доделување на GTIN

### 1.3.1. Однапред дефинирани карактеристики

И покрај тоа што листата не е потполна, основните однапред дефинирани карактеристики на трговските единици се:

- Назив на производот, марка на производот  и опис на производот;
- Вид на трговската единица и варијанта;
- Нето количество на трговската единица (маса, зафатнина или друга димензија со значење за трговијата);
- Доколку трговска единица претставува групирање, однапред дефинираните карактеристики се број на основните содржани единици и нивниот распоред во пониските нивоа на пакувањето, видот на групирањето (картонска кутија, палета, палета во облик на кутија, рамна палета итн.).
  Промена на било кој од основните елементи кои ја карактеризираат трговската единица секогаш доведува до промена на GTIN-от.

### 1.3.2. Стока со однапред одредена цена

Одредувањето на цената однапред не е пожелно бидејќи тоа го усложнува одржувањето на датотеките со податоци за трговска единица долж синџирот на снабдување. Но, доколку цената која ќе ја плати купувачот е отпечатена на единицата, би требало да се промени GTIN-*от* кога се менува цената отпечатена на единицата.

Можат да се применат и национални, регионални или локални прописи и да имаат предност во однос на ова правило. На пример, во некои сектори како што е здравството, прописите и другите барања можат да одредат било која промена на единицата да бара нов GTIN.

Вообичаено, промените во бруто мерките на трговската единица, кои не влијаат на нето количеството или на мерката на трговската единица, не влијаат на доделувањето на GTIN-от. Меѓутоа, ако било која бруто мерка (нпр. должина, длабочина, тежина, итн.) се промени за повеќе од 20% мора да се додели нов GTIN.

### 1.3.3. Промотивни варијанти

Промоцијата претставува привремена промена на трговската единица која го модификува претставувањето на трговската единица.  Таа вооообичаено егзистира паралелно со стандардната трговска единица.

- На промотивните варијанти на трговските единици на кои им се менуваат нето тежината или зафатнината мора да им се додели посебен GTIN. Примери: додадена бесплатна единица, додадено 10% гратис и слично.
- На промотивните варијанти на трговските единици може да се промени логистичката тежина или димензијата за повеќе од 20%. Во тој случај, на промотивните варијанти мора да им се додели посебен, единствен GTIN.
- На промотивните варијанти на трговските единици кај кои намалената цена е експлицитно означена на пакувањето (блиц пакувања) мора да се додели посебен единствен GTIN, освен доколку локалната трговска пракса или регулатива во врска со означување на цените не диктираат поинаку. Пример: 5 денари поефтино.
- На секоја сезонска промоција на трговската единица би требало да се додели посебен единствен GTIN. Пример: чоколадо посебно спакувано за Божиќ.
- На останатите промотивни варијанти не би требело да им се доделуваат посебни единствени GTIN броеви Примери: паричен купон, бесплатен подарок во внатрешноста на пакувањето (освен доколку тоа предизвикува зголемување на бруто тежината за повеќе од 20%), понуда “испрати за”, учествово во наградна игра или примероци кои се испраќаат директно до купувачот со заобиколување на наплатното место.

## 1.3.4. Промени на трговска единица

Промени на трговската единица претставуваат било каква промена или подобрување на трговска единица во текот на нејзиниот животен век. “Новата” трговска единица ја заменува старата. Доколку сопственикот на трговска единица марка одлучи да креира варијанта (нпр. со различни состојки) паралелно со стандардната трговска единица, тогаш мора да се додели посебен GTIN.

Помали промени или подобрувања на трговската единица не бараат доделување на друг GTIN број.

Примери: редизајн на етикетата, незначителна промена на опис на трговската единица, промена на било која бруто мера за помалку од 20% кога количеството на содржината или се мерките се непроменети.

Ова правило се применува на малопродажните потрошувачки трговски единици (единици кои се продаваат преку малопродажно наплатно место) и стандардни групирања на трговските единици (сандаци или палети кои се нарачуваат). Доколку се променат количеството или мерката на трговската единица, или доколку се очекува дека потрошувачот ќе прави разлика меѓу стариот и новиот назив на марката или описот на производот, мора да се додели нов GTIN.

## 1.3.5. Варијанти за групирања

На трговските единици кои претставуваат стандардно и вообичаено групирање на помали, веќе идентификувани единици, мора да им се додели посебен GTIN секогаш кога ќе дојде до промена на GTIN-от *на* било која содржана единица.

## 1.4. Временски период потребен за повторно доделување на GTIN

GTIN доделен на трговска единица која се повлекува најчесто не смее повторно да се додели на друга трговска единица најмалку 48 месеци од последната испорака на првобитната трговска единица од страна на сопственикот на заштитниот знак.



## 1.5. Усогласување на основните податоци

Кога нов GTIN ќе се додели на трговска единица, битно е сопственикот на заштитниот знак на своите трговски партнери да им достави детални информации за карактеристиките на единицата. Овие информации треба да се достават колку што е можно порано, пред да се започне со единицата да се тргува.

### 1.5.1. Усогласување на основните податоци во пракса

Бројни активности се од суштинска важност за прецизно разменување на GTIN-овите во рамките на синџирот на снабдување. Тоа овозможува на податоците добиени со скенирање на бар кодот, да можат да им се придружат прецизни и ажурни податоци. Тоа е особено важно за единиците кои ќе се скенираат на малопродажното наплатно место, каде одсуството на прецизни податоци може да има правни последици.

Во рамките на синџирот на снабдување, GTIN-от овозможува решение за идентификација на било која единица со која се тргува (на која ѝ е одредена цената или која е фактурирана или нарачана). Вкупните трошоци во рамките на синџирот на снабдување се минимизираат за сите партнери во синџирот на снабдување кои се придржуваат кон идентичните правила за доделување на броевите.

За сите единици се предлага следново упатство за "најдобра пракса".

Упатството е усвоено од производители, дистрибутери и продавачи на мало заради елиминирање на било какви недоследности меѓу идентификацијата на производите и записите за производите во базите на податоци на продавачите на мало во синџирот на снабдување.

1. Доделувањето на GTIN и бар кодирањето со GTIN, се технички процеси кои се вршат во согласност со правилата дадени во GS1 општите спецификации. Запис за производот е акт на прифаќање на новиот производ во асортиманот од страна на комерцијалната организација. Записот за производот е резултат на преговори меѓу продавачите и купувачите.

   Пример: ***Доделувањето на GTIN би требало да биде независно од записот за производот.***

2. За полесно менаџирање, или за да се овозможи точната информација да се пренесе до крајниот потрошувач, промените на единицата можат да бараат нов GTIN. Новиот GTIN не подразбира автоматски и нов запис за производот.

   ***Пример: Ако на производот чиј запис постои, се направи промена која бара нов GTIN, тоа не мора автоматски да биде услов за нов запис за производот.***

3. Доделувањето на GTIN и записот во базата се сметаат за две потполно автономни одлуки: Доделувањето на GTIN не е предмет на преговори.

4. Сопственикот на марката на своите клиенти им ги става на располагање сите информации кои се однесуваат на попишаните единици, во идеален случај по пат на EDI порака или преку електронски каталози, при самото внесување на податоците за единицата. Во случај на временски ограничени промоции или развој на производ, овие информации ќе се разменат многу порано, со што ќе му се овозможи на продавачот на мало да ги потврди оиве информации и да ги пушти во интерен оптек.

# 2. Промена на сопственоста над трговската марка

## 2.1. Присоединувања и спојувања

Постојните залихи на присоединетата компанија, кои се нумерирани пред присоединувањето или спојувањето, ги задржуваат истите GTIN-ови. Производите кои се произведени по присоединувањето или спојувањето можат да го задржат GTIN-от доделен пред присоединувањето, доколку компанијате која го извршила присоединувањето продолжи да го одржува членството во организацијата членка на GS1.

Спојувањето подразбира дека некој ја превземал компанијата и ја превземал одговорноста за нејзиниот *GS1* компаниски префикс, како и за нејзиниот имот и локации. Производите, кои присоединетата компанија ги произведувала под својот GS1 компаниски префикс можат да се произведуваат користејќи го истиот префикс и по спојувањето, се додека компанијата која го извршила присоединувањето има контрола над GS1 компанискиот префикс на присоединетата компанја.

Доколку така сака, компанијата која извршила присоединување може да ги означи сите присоединети производи користејќи го својот постоен GS1 компаниски префикс.

Од исклучително значење е за било која промена трговските партнери навремено да се известат. Компанијата треба да биде промислена и внимателна кога врши централизација на доделувањето на сите броеви во рамките на еден GS1 компаниски префикс, бидејќи тоа резултира со дополнителна работа и одржување на датотеката за купувачите.

## 2.2. Делумно купување

Доколку компанија купи дел на компанија чиј GS1 компаниски префикс се користи во деловите кои не се купени, тогаш компанијата која го извршила купувањето мора да ги промени GTIN-овите за производите на купениот дел, во рок од една година.

Кога се составува договор за купување, треба да се земат предвид правилата кои се однесуваат на употребата на GTIN-от и останатите GS1 идентификациони клучеви доделени од страна на компанијата продавач.

Штом се создаде можност, купувачот треба да започне со постепено воведување на новите броеви, од сопствениот опсег на броеви, за производите за кои е купено името со марката. На пример, купувачот тоа може да го направи кога пакувањето се редизајнира или повторно се печати.

Во текот на продажбата и во текот на наредните четири години компанијата која ја извршила продажбата не смее повторно да ги додели првобитните броеви на други единици.

## 2.3. Делење или одделување

Кога компанија ќе се подели на две или повеќе посебни компании, неопходно е GS1 компанискиот префикс, кој бил доделен на првобитната компанија да се пренесе само на една од новонастанатите компании. Компанијата која останала без *GS1* компаниски префикс ќе мора да се обрати на организација членка на *GS1* за добивање на префикс. Одлуката со која се одредува која од новите компании ќе го добие првобитниот *GS1* компаниски префикс треба да биде таква да го минимизира бројот на барања за дополнителни GTIN- ови. Одлуката треба да биде дел на правните договори меѓу новонастанатите компании.

Не е неопходно постојните залихи на производи  да бидат пренумерирани. Меѓутоа, кога било која од одделените компании има трговски единици кои се нумерирани со *GS1* компаниски префикс кој веќе не им припаѓа, тогаш, при изработка на новите етикети или пакувања, тие единици компанијата треба да ги пренумерира  користејќи го својот сопствен *GS1* компаниски префикс. Купувачите треба однапред да бидат известени за промените.

Одделените компании, кои го задржуваат GS1 компанискиот префикс, мораат да го чуваат записот за GTIN-овите кои се доделени на производи кои веќе не се нивни. Тие не смеат повторно да ги употребат тие GTIN-ови во период од најмалку четири години од моментот кога компанијата, која е одделена, последен пат ги испорачала своите производи идентификувани со тие GTIN-ови. Поради тоа, компанијата која не го задржала GS1 компанискиот префикс мора компанијата која го задржала тој префикс да ја известува за датумите кога последен пат испорачала производи со претходните броеви или да гарантира за датумот со кој ќе се изврши промена на броевите.

# 3. Правила за доделување на GTIN - уште поедноставно

## 3.1. Пазарни варијанти

### Вид на промена на трговската единица

Нов јазик на пакувањето кое се продава на еден пазар/земја (етикета на еден јазик).




**Пример:** Испишан текст на пакувањето на единицата се менува од англиски во шпански јазик.

### GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Додавање на друг јазик на пакувањето на производот кој се продава на неколку пазари (повеќе јазична етикета).




**Пример:** На пакувањето на единицата која има текст на англиски и шпански јазик се додава текст на португалски.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

### Замена на група на јазици.




Пример: Текстот на пакувањето на единицата кој е на англиски, шпански и португалски јазик се менува со текст на англиски, француски и италијански јазик.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

### Примерок или производ за тестирање.







**Напомена:** Ако е трговската единица во било која форма наменета за продажба преку малопродажно наплатно место (POS - Point Of Sale) се бара GTIN. GTIN кој се користи за примерок или трговска единица за тестирање може да се задржи доколку таквата трговска единица се покаже како успешна и може да се нарачува.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

### Групирање на исти малопродажни единици во различни количества.




**Напомена:** GTIN-от на содржаните единици не се менува. Наместо тоа секое пакување (групирање) има нов GTIN.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**Напомена:** Постојат онолку GTIN-ови колку и видови на групирање.

## 3.2. Замена на стандардните трговски единици

### 3.2.1. Незначителни измени

Незначителни измени се тие кои немаат големо значење за трговските партнери (нпр. немаат влијание врз декларацијата за потрошувачите, нарачувањето, плаќањето и информациите за залихите).

Кај производителот може да се јави потреба за разликување на овие незначителни измени на трговските единици (нпр. за следење на влијанието врз цените).

### Вид на промена на трговската единица

Незначителна промена на формулацијата на постојната трговска единица која не предизвикува било каква промена на декларацијата за потрошувачите.




**Напомена:** Промената не влијае на партнерите во трговскиот синџир. Незначителните промени на состојките не го менуваат описот на трговската единица.

### GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

### Незначителни измени на дизајнот.




**Напомена:** Незначителните промени на дизајнот, кои можат да се јават при преправки или сезонско / промоциските текови на трговските единици, кои не влијаат на другите GTIN правила, не би требало да предизвикаат доделување на нов GTIN.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Незначителната (недекларирана) промена во нето тежината / бројот / зафатнината (нпр. промени во производните толеранции не влијаат врз декларацијата за потрошувачите).




Вистинска тежина: 998 г          Вистинска тежина: 1000 г

**Напомена:** Промените врзани за унапредувањето на изработката на производите или дозволеното отстапување во производството кои не влијаат на другите GTIN правила, не би требело да предизвикаат доделување на нов GTIN.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Незначителни промени во пакувањето на ниво на стандардно групирање на трговската единица.




**Напомена:** Ваквата промена нема големо значење за партнерите во синџирот на снабдување.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Незначителни измени на материјалот за пакување на ниво на малопродажна потрошувачка трговска единица
(нпр. HDPE наместо PET).




**Напомена:** Ваквата промена не е од значење за партнерите во синџирот на снабдување.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Малопродажната потрошувачка трговска единица или стандардното групирање на трговската единица содржи произволна мешавина на трговската единици (нпр. различни бои/вкусови на лижавчиња), а произволната мешавина е променета.




**Напомена:** Доколку е мешавината произволна, промената во нова произволна мешавина нема влијание на декларацијата за потрошувачите или на партнерите во синџирот на снабдување.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Сезонски рецепт (предлог за нова линија). На пример, кај производот “Јогурт со сезонско овошје”, овошјето може да се менува од една до друга сезона.




**Напомена:** Декларацијата за потрошувачите останува иста без оглед на сезоната.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



### 3.2.2. Значителни промени

Значителни промени се тие кои бараат од трговските партнери во своите системи да прават разлика меѓу "старата" и "новата" трговска единица (нпр. изменета е декларацијата за потрошувачите или промената има влијание врз нарачувањето, плаќањето или податоците за залихите).

## Вид на промена на трговската единица

Променливиот асортиман е стандардно групирање на трговската единица која содржи фиксен број на единици на променливиот асортиман од две или повеќе малопродажни потрошувачки единици, од кои секоја е идентификувана со единствен GTIN.




Различна мешавина
на GTIN-ови

**Напомена:** Продавачот на мало прифатил асортиманот да може да се промени без известување.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Промена во формулацијата, кога се очекува купувачот да направи разлика меѓу новата и старата трговска единица.




Напомена: Промената доведува до промена на етикетата (декларацијата за потрошувачите).

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Промена во формулацијата на постојниот назив, марката или описот на производот (декларацијата за потрошувачите).




**Напомена:** Промената води кон промена на етикетата (потрошувачката декларација) која ќе се најде на производот.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Промена на било која димензија или на бруто тежината на пакувањето поголема од 20%.




**Напомена:** Софтверот за управување со пополнувањето на полиците и логистичките системи треба да се ажурираат за се обезбеди оптимална искористеност на просторот на полицата.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Промена во конфигурацијата на асортиманот на групираните единици (нпр. 30/50/80/40 е променет во 40/60/40/60).

**НЕ СЕ ПРИМЕНУВА**

за малопродажните потрошувачки единици

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**<u>Напомена:</u>** Во однос на нарачувањето, стандардното групирање на трговските единици се третира како нова трговска единица.

## Вид на промена на трговската единица

Значителни промени во функционалноста. На пример нова верзија на софтверот.




**Напомена:** Се препорачува доделување на нов GTIN и на ниво на малопродажна потрошувачка единица и на ниво на стандардно групирање на трговските единици за да се обезбеди сите партнери во синџирот на снабдување да бидат во состојба да ги разликуваат "старите" од "новите" трговски единици.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## 3.3. Паралелни трговски единици

### 3.3.1. Промоции кои немаат влијание на GTIN

Промоциите се (вообичаено) краткотрајни промени на начинот на претставување на трговските единици на потрошувачите. Во оваа секција прикажани се примери за промоција каде GTIN-от на ниво на малопродажната потрошувачка трговска единица останува непроменет.

### Вид на промена на трговската единица

Две или повеќе малопродажни потрошувачки трговски единици, една покрај друга (а не се приклучени или врзани заедно) при што секоја може да се купи одделно.




**Пример:** Купи 2 - добиваш 1 бесплатно

### GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**Напомена:** Не се менува освен ако две малопродажни потрошувачки трговски единици се транспортираат заедно во едно физичко пакување, а инаку се транспортираат одделно.

## Вид на промена на трговската единица

Две или повеќе малопродажни потрошувачки трговски единици поврзани заедно, односно проектирани да го промовираат овој пробен спој (една нарачка на пробните пакувања) каде димензиите на пакувањето не влијаат на управувањето со пополнувањето на полиците.




**Напомена:** Ваквата промена нема значење за партнерите во синџирот на снабдување.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Две или повеќе малопродажни потрошувачки трговски единици кои не се припоени или поврзани заедно, при што едната единица, која не може да се купи одвоено, се добива бесплатно доколку се купи другата.




**Напомена:** Ваквата промена нема влијание врз единицата која се купува.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**Напомена:** Се применува кога бесплатната единица не е транспортирана во истото физичко пакување со основната единица

## Вид на промена на трговската единица

Бесплатната единица пакувана во пакувањето на основната малопродажна потрошувачка трговска единица без промени во квантитетот на трговската единица, а промотивното пакување се продава по истата цена како и редовното пакување.




**Напомена:** Ваквата промена нема важност за партнерите во синџирот на снабдување.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Промена на конфигурацијата на потрошувачкото пакување. Потрошувачкото пакување чија конфигурација е променета со намена за промоции (нпр. јубилејно издание на ликер од јаболка).




**Напомена:** Ваквата промена нема важност за партнерите во синџирот на снабдување. Потрошувачката декларација не е сменета.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Купон за намалување на цената. Малопродажната  потрошувачка трговска единица може на самото пакување или во внатрешноста на пакувањето да содржи купон за намалување на цената.







**Напомена:** Промената нема влијание на одредувањето на цената, нарачувањето или фактурирањето. Ако на потрошувачот му е дадена можност за избор меѓу купување на трговската единица со и без купон за намалување на цената, се бара доделување на посебни GTIN броеви.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**Напомена:** Се применува кога купонот нема рок до кој важи.

## Вид на промена на трговската единица

Малопродажната  потрошувачка трговска единица може да содржи купон или друг испечатен доказ за извршеното купување на таа единица. Купонот треба да биде испратен по пошта од страна на потрошувачот за да си обезбеди намалување на цената од 20% при следното купување.







**Напомена:** Доколку времето на важноста на купонот е значајно, случајот да третира како нова единица.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**Напомена:** Се применува кога купонот нема рок до кој важи.

## Вид на промена на трговската единица

На единиците, кои трговецот на мало ги купил по регуларна цена, им се додаваат бесплатно дополнителни единици.




**Напомена:** Кога ќе се зголеми бројот на единиците во кутијата,  GTIN-от се менува.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




**Напомена:** Доколку се зголеми количеството на постојните кутии (нпр. купиш десет кутии и една добиеш бесплатно), нема промени во GTIN-от на стандардното групирање на трговската единица.

## Вид на промена на трговската единица

Промоција ограничена со одреден временски период (нпр. Светски ден на животните) кога промотивниот артикл мора да биде изложен на дадениот ден.




**Напомена:** Ваквата промена не е значајна за партнерите во синџирот на снабдување. Не се менува декларацијата за потрошувачите.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## 3.3.2. Промоции кои влијаат на GTIN

Промоциите се (вообичаено) краткотрајни промени на начинот на претставување на трговската единица на потрошувачите. Оваа секција дава примери за промоции кај кои се бара нов GTIN на истото ниво.

### Вид на промена на трговската единица

Во случај кога малопродажната потрошувачка трговска единица е променета во малопродажна потрошувачка трговска единица која на етикетата содржи цена.




**Напомена:** Промената бара од партнерите во синџирот на снабдување да ги разликуваат старите од новите залихи.

### GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Намалувањето на цената е на видлив начин наведено на пакувањето на малопродажната трговска единица.




**Напомена:** Промената бара од партнерите во синџирот на снабдување да ги разликуваат старите од новите залихи.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Бонус пакувањето е единица со зголемено количество (нето тежина, број, зафатнина) и се продава по иста цена како и редовната единица.




**Напомена:** Зголемувањето на количеството може да има влијание врз одредувањето на цената на единицата и информациите на етикетите за полиците.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Единицата, составена од две или повеќе малопродажни трговски единици поврзани заедно кои вообичаено се продаваат одделно.







**Напомена:** За малопродажна потрошувачка единица се бара нов GTIN, со оглед на тоа дека работи за нов единствен производ.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



### 3.3.3. Стока со однапред одредена цена

Одредување на цената однапред не се препорачува како пракса во трговијата, бидејќи низ синџирот на снабдување за малопродажната потрошувачка единица и стандардните групирања на трговските единици се усложнува оддржувањето на датотеките со цените.

#### Вид на промена на трговската единица

Малопродажна потрошувачка трговска единица со етикета со цена придодадена на посебно барање на трговецот (троговците) на мало.




**Напомена:** За малопродажната потрошувачка трговска единица за која повеќе трговци на мало бараат специфични етикети со цени, не се бара доделување на посебен GTIN за секоја етикета со цена.

#### GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Кога производителот во дизајнот на пакувањето вклучува приказ на однапред одредена цената, како што вообичаено се прави со малопродажната цена која ја предлага производителот.




**Напомена:** Промена можат да побараат партнерите во синџирот на снабдување за да ги разликуваат старите од новите залихи.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Промена на продажната цена која се означува на пакувањето.




## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## 3.4. Други паралелни трговски единици

Други промени кои можат да имаат влијание на доделувањето на GTIN.

### Вид на промена на трговската единица

Производство на (очигледно) идентични трговски единици од страна на различни производители за одреден трговец на мало.




**Напомена:** Малопродажната цена не е битна за GTIN-от.

### GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Различна малопродажна цена (нпр. за различни региони на една држава), а цената не е прикажана на пакувањето.

СУПЕРМАРКЕТ град А | СУПЕРМАРКЕТ град Б




**Напомена:** Малопродажната цена не е битна за GTIN-от освен доколку испорачателот однапред не ја одредил и назначил на пакувањето.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Нов / дополнителен распоред на палетата кој постои паралелно со оригиналниот распоред.




**Напомена:** Шема / распоред на палетата не влијае на количеството малопродажни потрошувачки трговски единици или на содржаните сандаци. Ако палета е единица која се нарачува, тогаш се бара посебен GTIN за секоја палета со различна конфигурација.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Малопродажна трговска единица со друг систем за електронска контрола на артиклите (Electronic Article Surveillance - EAS).




Напомена: Ваквата промена нема важност за партнерите во синџирот на снабдување. Не се менува декларацијата за потрошувачот.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## 3.5. Сезонска роба

### Вид на промена на трговската единица

Трговски единици модифкувани поради сезонски причини (нпр. празнично пакување, чоколада препакувана за Божиќ).




**Напомена:** Бидејќи тоа е нова единица се бара нов GTIN. Сезонската роба која се повторува би требало секоја сезона да има ист GTIN.

### GTIN за стандардно групирање на трговските единици



## Вид на промена на трговската единица

Трговски единици со различна берба (нпр. вино).




**Напомена:**

**Нов GTIN** се користи доколку бербата има влијание врз одредувањето на цената.
**Ист GTIN** се користи доколку бербата нема влијание врз одредувањето на цената.

## GTIN за стандардно групирање на трговските единици




Доколку бербата влијае врз цената




Доколку бербата не влијае врз цената

Македонија

Директор
Слаѓана Милутиновиќ

ул. Маршал Тито 19
1000 Скопје, Македонија

Т: +389 (0) 2 32 54 250
Ф: +389 (0) 2 32 54 254
E: s.milutinovic@gs1mk.org.mk

**www.gs1mk.org.mk**

5 310000 000012 >